# Регистрација на гласачи

за федерални, државни и локални избори во Викторија

**ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ**

Овој компјутеризиран формулар е преведен со цел да ви помогне да ја пополнете регистрацијата за федералните, државните и локалните избори. Треба да ги пополните вашите податоци каде што е покажано **на Англиски јазик**. Формуларот нема да ги зачува вашите податоци, така што штом ќе стигнете до копчето за печатење на крајот, ќе треба да **го испечатите и да го потпишете**.
Потоа пополнетиот и потпишан формулар испратете го по пошта на:

Victorian Electoral Commission
Reply paid 66506
Melbourne Vic 8001
(Поштенска марка не е потребна ако се испраќа од Австралија.)
Или, можете да го пратите на факс број (03) 9277 7126, или да го пратите преку електронска пошта на elector@vec.vic.gov.au

Ќе добиете писмо со известување за вашето успешно регистрирање откако ќе го добиеме и проследиме испечатениот формулар.

Овластувањето за собирање на податоците од овој формулар се содржи во *Законот за избори на Комонвелтот од 1918 година* и *Законот за избори на Викторија од 2002 година*.

## Регистрацијата и гласањето се задолжителни

Ако ги исполнувате условите, треба да се регистрирате и да гласате на федералните, државните и локалните избори и може да ве казнат ако не го сторите тоа.

Условите за регистрација и гласање ги исполнувате ако:

- сте живееле најмалку еден месец на адреса каде што е вашето главно место на живеење; и
- сте **австралиски државјанин**, или британски поданик што бил регистриран на 25 јануари 1984 година (и – за избори само во Викторија – британски поданик регистриран помеѓу 26 октомври 1983 година и заклучно со 25 јануари 1984 година); и
- сте на возраст од **најмалку 18 години** (можете да се регистрирате кога имате 17 години, но не можете да гласате сè додека не наполнете 18 години).

Мора да ја обновите вашата регистрација секогаш кога ќе се преселите или ако го промените името – со тоа што ќе пополнете нов формулар за регистрација.

# Регистрација на гласачи

за федерални, државни и локални избори во Викторија

**Употребете го овој формулар за да се • регистрирате за гласање или • да ја промените адресата на живеење или поштенската адреса или • да го промените своето име на гласачкиот список**

**ВАЖНО — Ве молиме да ги прочитате информациите на оваа страница пред да почнете да го пополнувате формуларот**

## Кој може да се регистрира и да гласа?

Задолжително е за сите државјани на Австралија што ги исполнуваат условите и имаат најмалку 18 годинида се регистрираат за гласање. Условите за регистрација и гласање ги исполнувате ако:

- сте државјанин на Австралија, или сте британски поданик регистриран на 25 јануари 1984 година*
- имате најмалку 18 години, и
- сте живееле најмалку еден месец на вашата адреса каде што ви е главното место на живеење.

*Само за изборите во Викторија, ги исполнувате условите за регистрација и гласање ако сте биле британски поданик регистриран помеѓу 26 октомври 1983 година и заклучно со 25 јануари 1984 година.

Можете да се регистрирате на 16 години за федерални цели и на 17 години за државни цели, но не можете да гласате сè додека не наполнете 18 години.

^ За да се регистрирате на изборниот список на Комонвелтот, лицето што го потврдува вашиот идентитет мора да биде на гласачкиот список на Комонвелтот.

Изборната комисија на Австралија AEC ќе потврди дека вашиот формулар за регистрација за гласање е проследен во рок од три недели од приемот на формуларот и може да стапи во контакт со Вас ако ни се потребни дополнителни информации.

## Посебна регистрација

Формуларите за посебни категории за регистрација важат ако:

- сте привремено во странство
- не можете да отидете на гласачкото место на денот на изборите
- сметате дека ставањето на вашата адреса на гласачкиот список, кој што е јавно достапен може да ја загрози вашата безбедност или безбедноста на вашето семејство
- немате постојана адреса
- сте во затвор
- немате физичка способност да се потпишете
- работите на Антарктикот.

## За повеќе информации

Australian Electoral Commission
**aec.gov.au или 13 23 26**

Victorian Electoral Commission
**vec.vic.gov.au или 1300 805 478**

### Ако сте глуви, или имате оштетување на слухот или говорот

Обратете се до AEC преку National Relay Service (NRS):

- TTY – 133 677 потоа побарајте 13 23 26
- Speak and Listen – 1300 555 727 потоа побарајте 13 23 26
- Internet relay – поврзете се со NRS потоа побарајте 13 23 26

## Кој има пристап до податоците наведени во вашата регистрација за гласање?

### Комонвелтот на Австралија

Australian Electoral Commission (AEC) е овластена со Законот за избори на Комонвелтот од 1918 година (CEA) да ги собира и проверува податоците што се бараат од вас за пополнување на овој формулар. Податоците што ќе ги поднесете ќе ѝ помогнат на AEC да ги одржува изборните списоци.

Австралиската изборна комисија (AEC) може да ги открие изборните податоци на лица или организации според CEA. Тука спаѓа:

- пристап до гласачкиот список кој што е јавно достапен (содржи имиња и адреси) и може да се провери во некоја од изборните канцеларии
- државните и територијалните изборни институции
- Пратеници во парламентот, сенатори, регистрирани политички партии и кандидати за Домот на пратениците
- официјална научна студија од областа на медицината и државни здравствени програми за анализа
- агенции, лица или организации зацртани во Регулативата за избори и референдум од 1940 година.

За повеќе информации за приватноста, отидете на интернет страната на **www.privacy.gov.au**

## Државата Викторија

Victorian Electoral Commission (VEC) е овластена со Законот за избори од 2002 година (Викт) да ги собира и проверува податоците што се бараат од вас за пополнување на овој формулар. Овие податоци ќе ѝ помогнат на VEC да го одржува Регистерот на избирачи и да ги подготви гласачките списоци за државните и локалните избори на Викторија.

Можете да поднесете барање за пристап до податоците што VEC ги има за вас ако стапите во контакт со VEC. Ве молиме да ги разгледате информациите за приватност на vec.vic.gov.au/PrivacyAtTheVEC.html Гласачките списоци можат да се проверат во канцеларијата на Изборната комисија на Викторија (VEC) во работно време. Адресите на гласачите во сенка ќе бидат заштитени и нема да се објавуваат. VEC може да им ги даде гласачките податоци на други странки според пропишаниот закон на Викторија. Тука може да спаѓа:

- AEC, други тела на државната влада (вклучувајќи ги и агенциите за спроведување на законот), и локалните општини
- Пратеници во парламентот, регистрирани политички партии и кандидати за државните и локалните избори на Викторија
- лица или организации што поднеле барање, што било одобрено, за пристап до гласачките податоци за дозволена цел која што ја одредува VEC во консултација со Office of the Victorian Information Commissioner како цел која го оправдува откривањето на податоците. Сегашниот список на лица или организации во оваа категорија е објавен на **vec.vic.gov.au**

## Доказ за идентитет

Мора да го докажете вашиот идентитет за да се регистрирате во гласачкиот список на Комонвелтот

### Како ќе го докажете вашиот идентитет?

**А** Ако имате **австралиска возачка дозвола** или **австралиски пасош** внесете ги деталите под Прашање 6 на страна 3 од овој формулар.

**Б** Ако немате австралиска возачка дозвола или австралиски пасош, вашиот идентитет **ќе треба да го потврди лице што е веќе на гласачкиот список на Комонвелтот или во Регистерот на избирачи на Викторија ^.** Лицето што го потврдува вашиот идентитет треба да наведе име, адреса, датум на раѓање, да ја потпише и да стави датум на декларацијата под Прашање 6 на страна 3 од овој формулар.

# Регистрирајте се за гласање или променете ги вашите податоци

за федерални, државни и локални избори во Викторија

Овој формулар можете да го пополнете денес на интернет на **vec.vic.gov.au/enrolment**

Примено во VEC на датум

T

Office use only – Date received

Notation CATS NIN

**1 Име**

Господин ☐ Госпоѓа ☐ Госпоѓица ☐ Госпоѓица ☒ Друго

Користете ✘ каде што е соодветно. Користете црно или сино пенкало и ГОЛЕМИ БУКВИ

Презиме

Име(имиња)

***Ако пријавувате промена на име***

Претходно презиме

Претходно име(имиња)

**2 Датум на раѓање** (дд/мм/гггг)

**Пол**

**3 Сегашна адреса на живеење**

Јасно наведете ја вашата адреса на живеење. Месност или број на поштенска служба не е доволно

Држава V I C Поштенски број

**Сегашна поштенска адреса**

Оставете го празно ако е иста со адресата на живеење

Држава Поштенски број

***Ако пријавувате промена на адресата***

Претходна адреса на живеење

Држава Поштенски број

**4 Телефонски броеви**

Мобилен

Преку ден ( )

**Електронска адреса**

**5 Статус на државјанство**

За да се регистрирате мора да сте австралиски државјанин, или британски поданик што бил на гласачкиот список на Комонвелтот на 25 јануари 1984 година

За избори само во Викторија, ги исполнувате условите за регистрација и гласање ако сте биле британски поданик регистриран помеѓу 26 October 1983 година и заклучно со 25 јануари 1984 година

☐ Австралиски државјанин со раѓање — Место на раѓање — Држава или територија

***ИЛИ***

☐ Станав австралиски државјанин — Број на Уверението за државјанство

Земја на раѓање

Името што стои во уверението за државјанство

***ИЛИ***

☐ Британски поданик што бил регистриран на 25 јануари 1984 година

Името регистрирано на 25 јануари 1984 година

Земја на раѓање

**6 Докази за вашиот идентитет**

Одберете само **ЕДЕН** одговор

☐ Австралиска возачка дозвола или дозвола за возач почетник — Број — Држава или Територија

***ИЛИ*** ☐ Австралиски пасош — Број

***ИЛИ*** ☐ Лице што е на гласачкиот список на Комонвелтот или е во Регистерот на гласачи за Викторија^ ќе го потврди мојот идентитет

Име и презиме на лицето (ГОЛЕМИ БУКВИ)

Датум на раѓање (дд/мм/гггг)

**Декларација на лицето што го потврдува вашиот идентитет**

- *Регистриран сум во гласачкиот список на Комонвелтот или во Регистерот на гласачи за Викторија^, и*
- *Го потврдувам идентитетот на поднесувачот на молбата.*

**Потпис** (дд/мм/гггг)

**7 Ваша декларација**

- *Ги прочитав претходно наведените информации за тоа кој може да се регистрира и да гласа*
- *Ги исполнувам условите за регистрација на мојата сегашна адреса како што е внесена во Прашањето 3 и барам да се регистрирам за гласање за федералните, државните и локалните избори во Викторија*
- *Податоците што ги наведов во овој формулар се точни и комплетни*
- *Јасно ми е дека давањето лажни или неточни податоци е сериозен прекршок.*

**Вашиот потпис или ознака** (дд/мм/гггг)